Република Македонија
**Министерство за финансии**

[redacted]

Бр. 15-28951/9

Скопје 24 AUG 2009 година

**До:**

Влада на Република Македонија
**Министерство за финансии**

Даме Груев 14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел.: ++ 389 2 3117 288
Факс:++ 389 2 3117 280
Е-пошта: *finance@finance.gov.mk*
Веб страна: ***www.finance.gov.mk***

**Предмет : Известување**

Почитувани,

Согласно член 50 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09), како и Нацрт - записникот од осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија бр. 19-3201/1, одржана на 07.07.2009 година, потребно е најдоцна до крајот на октомври 2009 година од редот на вработените (освен раководителот на единицата за финансиски прашања, раководителот на единицата за внатрешна ревизија или внатрешниот ревизор) да назначите лице кое ќе известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција, а веднаш по назначувањето да доставите копие од решението до Министертвото за финансии – Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола.

Исто така, согласно член 9 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09) и точка 2 од горенаведениот записник потребно е да основате Сектор/одделение за финансиски прашања, чиј раководител директно ќе одговара на раководителот на субјектот и највисокиот раководен државен службеник и ќе биде одговорен за целокупното финансиско управување и контрола во субјектот. Организацијата и описот на работните места во Секторот за финансиски прашања можете да ги најдете на нашата веб страна: www.finance.gov.mk/files/u10/ite_mesta_vo_sektorot_za_finansiski_prasanja.pdf , а нацрт-записникот од 84-та седница на Владата на Република Македонија на www.finance.gov.mk/files/u10/Zaklucok_po_god_izv_2008.pdf

По спроведување на постапката за основање Сектор/одделение за финансиски прашања и назначување на раководител на истиот, потребно е веднаш да доставите копие од актот за систематизација и решението за назначување на раководителот до Министертвото за финансии – Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола.

Со почит,

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**

**Трајко Спасовски**

Република Македонија Министерство за финансии Скопје

Изготвил: Даниел Стојановски
Контролирал: м-р Нада Ачевска